
СНЕЖАНА И
СЕДУМТЕ ЏУЏИЊА
Топер


СНЕЖАНА И
СЕДУМТЕ ЏУЏУЊА


ВО ЕДНА ДАЛЕЧНА ЗЕМЈА, ЖИВЕЕЈА НЕСРЕЌНИ КРАЛ И КРАЛИЦА БИДЕЈЌИ НЕ МОЖЕА ДА ИМААТ ДЕЦА...

ЕДЕН ЗИМСКИ ДЕН, ГЛЕДАЈЌИ ГО ТАЖНО ОКОЛНИОТ ПЕЈЗАЖ ОД СТАРИНСКИ АБОНОСОВ ПРОЗОРЕЦ, КРАЛИЦАТА СИ ГО БОЦНА ПРСТОТ СО ДРВЕНА ИВЕРКА. ТРИ КАПКИ КРВ ПАДНАА НА СНЕГОТ, ПРИ ШТО КРАЛИЦАТА СИ ПОМИСЛИ:

- АХ! КОЛКУ БИ САКАЛА ДА ИМАМ ЌЕРКА СО КОЖА БЕЛА КАКО СНЕГ, СО УСНИ ЦРВЕНИ КАКО КРВ, А КОСИ ЦРНИ КАКО АБОНОС!

САМОВИЛИТЕ ЈА ИСПОЛНИЈА НЕЈЗИНАТА ЖЕЛБА. ПО ЕДНА ГОДИНА, СЕ РОДИ ПРЕКРАСНО ДЕВОЈЧЕНЦЕ, КОЕ ГО НАРЕКОА СНЕЖАНА. КОГА ДЕВОЈЧЕТО НАВРШИ ЧЕТИРИНАЕСЕТ ГОДИНИ, КРАЛИЦАТА ПОЧИНА, А ТАТКОТО СЕ ПРЕЖЕНИ СО ЕДНА МНОГУ УБАВА ПРИНЦЕЗА.



МЕЃУТОА, ТАА БЕШЕ МНОГУ НАДМЕНА И ВЕРУВАШЕ ДЕКА Е НАЈУБАВА ЖЕНА НА СВЕТОТ. СЕКОЈ ДЕН ГО ПРАШУВАШЕ ВОЛШЕБНОТО ОГЛЕДАЛО, КОЕ СЕКОГАШ Ѝ ЈА КАЖУВАШЕ ВИСТИНАТА.

*ОГЛЕДАЛЦЕ, ОГЛЕДАЛЦЕ МОЕ,*
*НАЈУБАВ НА СВЕТОТ КОЈ Е?*

А ОГЛЕДАЛОТО ОДГОВАРАШЕ:

*НА ЦЕЛ СВЕТ ВЕРУВАЈ МИ,*
*ПОУБАВА НЕМА ОД ТЕБЕ!*

ЕДЕН ДЕН НА ВООБИЧАЕНОТО ПРАШАЊЕ ОГЛЕДАЛОТО ОДГОВОРИ:

*ОД ДЕНЕС НА СВЕТОТ ПОУБАВА ИМА,*
*СНЕЖАНА ПРЕД ТЕБЕ Е ВО УБАВИНА!*

КРАЛИЦАТА НЕ МОЖЕШЕ ДА ИМ ВЕРУВА НА СОПСТВЕНИТЕ УШИ. РАЗБЕСНЕТА, ГО ВИКНА ВЕРНИОТ СЛУГА И МУ РЕЧЕ:

- НОСИ ЈА СНЕЖАНА ВО ШУМАТА И ОТЕПАЈ ЈА. КАКО ДОКАЗ ДЕКА СИ МЕ ПОСЛУШАЛ САКАМ ДА МИ ГО ДОНЕСЕШ НЕЈЗИНОТО СРЦЕ.





КОГА СТИГНАА НА ЕДНА ЧИСТИНКА, НА СЛУГАТА МУ БЕШЕ ЖАЛ ДА УБИЕ ТОЛКУ НЕЖНО И МИЛО ДЕВОЈЧЕ. ЈА ПУШТИ ДА СИ ОДИ, ПОКАЖУВАЈЌИ Ѝ ГО ПАТОТ ДО ЕДНА КОЛИБА, КАДЕ ШТО МОЖЕШЕ ДА СЕ ЗАСОЛНИ. НА ЛОШАТА КРАЛИЦА Ѝ ОДНЕСЕ СРЦЕ ОД ДИВА СВИЊА; ТАА, ПАК, ПОВЕРУВА ДЕКА Е ОД СНЕЖАНА, ПА ГО ИЗЕДЕ. ВО МЕЃУВРЕМЕ, СНЕЖАНА БЕШЕ СТАСАЛА ДО КОЛИБАТА. ВЛЕЗЕ ВО НЕА И СЕ ВЧУДОВИДЕ ОД СОБАТА ВО КОЈА БЕШЕ СЀ СРЕДЕНО; ЕДНА МАЛА ТРПЕЗАРИСКА МАСА, ПОСТАВЕНА СО СЕДУМ ЧИНИИ И СО СЕДУМ ЧАШКИ, А ПОКРАЈ НЕА ИСТО ТОЛКУ СТОЛЧИЊА. НА КРАЈОТ НА СОБАТА ВИДЕ СЕДУМ КРЕВЕТЧИЊА НАРЕДЕНИ ЕДНО ДО ДРУГО, ПА ИСТОШТЕНА ОД ВОЗБУДУВАЊА, СЕ СПУШТИ НА ТРИ ОД НИВ И ВЕДНАШ ЗАСПА. ВО КОЛИБАТА ЖИВЕЕЈА СЕДУМ



ЏУЏИЊА. КОГА СЕ ВРАТИЈА ОД РАБОТА, ШТОМ ЈА ВИДОА СНЕЖАНА СИЛНО СЕ РАСТРЕВОЖИЈА:

- КОЈ СПИЕ НА МОЈОТ КРЕВЕТ? - ВЕЛЕШЕ ЕДНИОТ. - КОЛКУ Е УБАВА!

- СЕ ВОСХИТУВАШЕ ДРУГИОТ.

- МОРА ДА ЈА РАЗБУДИМЕ!

- ТВРДЕШЕ ТРЕТИОТ. МРМОРЕЊЕТО ЈА РАЗБУДИ СНЕЖАНА, КОЈА СО ШИРОКА НАСМЕВКА ГИ ПОЗДРАВИ ЏУЏИЊАТА И ИМ ЈА РАСКАЖА СВОЈАТА СУДБИНА. ЏУЏИЊАТА БЕА ТРОГНАТИ И РЕШИЈА ДА ЈА ПРИМАТ ВО НИВНИОТ ДОМ, А ТАА ЌЕ ИМ ЧИСТИ, СРЕДУВА И ГОТВИ. МЕЃУТОА, КРАЛИЦАТА ПОВТОРНО МУ ГО ПОСТАВИ ВООБИЧАЕНОТО ПРАШАЊЕ НА СВОЕТО ОГЛЕДАЛО САКАЈЌИ ДА ЧУЕ ДЕКА Е НАЈУБАВА НА СВЕТОТ, НО ВОЛШЕБНОТО ОГЛЕДАЛО Ѝ ОДГОВОРИ:

*И ДЕНЕС, КРАЛИЦЕ, ОД СНЕЖАНА*





*НА ЦЕЛ СВЕТ НЕМА ПОУБАВА!*

ТОГАШ, РАЗЛУТЕНАТА КРАЛИЦА ПОБАРА КАДЕ СЕ НАОЃА СНЕЖАНА И ТАКА ЈА ПРОНАЈДЕ КОЛИБАТА НА СЕДУМТЕ ЏУЏИЊА. СЕ ПРЕПРАВИ ВО ПРОДАВАЧКА И ПОЈДЕ КАЈ СНЕЖАНА. - САКАМ ДА ТИ ГО ПОДАРАМ ОВОЈ МАГИЧЕН КОЛАН, КОЈ ЌЕ ТЕ НАПРАВИ УШТЕ ПОУБАВА. СНЕЖАНА ГО СТАВИ КОЛАНОТ ОКОЛУ ПОЛОВИНАТА, НО КОГА ГО ЗАКОПЧА, ПАДНА ЗАДУШЕНА НА ЗЕМЈАТА. ВЕЧЕРТА ЏУЏИЊАТА ЈА НАЈДОА СПРУЖЕНА НА ЗЕМЈАТА, ГО ОДВРЗАА КОЛАНОТ И ТАА ПОВТОРНО ОЖИВЕА. ВО ИСТИОТ МОМЕНТ КРАЛИЦАТА МУ ГО ПОСТАВУВАШЕ ПРАШАЊЕТО НА ОГЛЕДАЛОТО И УШТЕ ЕДНАШ ГО СЛУШНА ОДГОВОРОТ:

*И ДЕНЕС, КРАЛИЦЕ, ОД СНЕЖАНА, НА ЦЕЛ СВЕТ НЕМА ПОУБАВА!*

-ОВОЈ ПАТ ЌЕ СМИСЛАМ ПОУСПЕШЕН ТРИК - РЕЧЕ



КРАЛИЦАТА, ЗЕМА ЕДЕН ВОЛШЕБЕН ЧЕШЕЛ И СЕ МАСКИРА ВО СТАРИЦА. КОГА СТАСА ДО КОЛИБАТА, ПРЕПРАВАЈЌИ СЕ КАКО ДОБРА И МИЛА БАБИЧКА, ЈА УБЕДИ СНЕЖАНА ДА СЕ ИСЧЕШЛА. ШТОМ ГО ПОВЛЕЧЕ ЧЕШЕЛОТ НИЗ КОСАТА, СНЕЖАНА ПАДНА КАКО МРТВА НА ЗЕМЈАТА. УШТЕ ЕДНАШ ЏУЏИЊАТА ЈА ОСЛОБОДИЈА ОД МАГИЈАТА И СЕ ПОВТОРИ ИСТАТА СЦЕНА СО ОГЛЕДАЛОТО.

*И ДЕНЕС, КРАЛИЦЕ, ОД СНЕЖАНА*
*НА ЦЕЛ СВЕТ НЕМА ПОУБАВА!*

КРАЛИЦАТА БЕШЕ НАВИСТИНА ЗАСЛЕПЕНА ОД ОМРАЗА; СЕ ПРЕПРАВИ ВО СИРОМАШНА СЕЛАНКА, ЗЕМА ЕДНО ЈАБОЛКО И ПОВТОРНО СО МАГИЈА НАПРАВИ ЕДНА СТРАНА ДА БИДЕ ЖОЛТА И ДОБРА ЗА ЈАДЕЊЕ, А ДРУГАТА ЈА БОЈАДИСА ЦРВЕНА И Ѝ СТАВИ СИЛЕН ОТРОВ. КОГА ЈА ВИДЕ СЕЛАНКАТА, СВИТКАНА И СЛАБА, СНЕЖАНА





СЕ СОЖАЛИ И ЈА ПУШТИ ВНАТРЕ. БОЖЕМ КАКО БЛАГОДАРНОСТ, ТАА Ѝ ПОНУДИ ПОЛОВИНА ОД СВОЕТО ЈАБОЛКО, ЗАГРИЗУВАЈЌИ ЈА ЖОЛТАТА ПОЛОВИНА. ВО ИСТИОТ МОМЕНТ КОГА ИЗЕДЕ МАЛКУ ОД ЦРВЕНИОТ ДЕЛ ОД ЈАБОЛКОТО, СНЕЖАНА ПАДНА ОТРУЕНА. НАЈПОСЛЕ, ОГЛЕДАЛОТО Ѝ ГО ДАДЕ НА КРАЛИЦАТА ОМИЛЕНИОТ ОДГОВОР:

*НА ЦЕЛИОТ СВЕТ ВЕРУВАЈ МИ,*
*КРАЛИЦЕ, ПОУБАВА НЕМА ОД ТЕБЕ!*

КОГА СЕ ВРАТИЈА, ЏУЏИЊАТА НЕ ЗАБЕЛЕЖАА НА СНЕЖАНА НИШТО ЧУДНО И ПОМИСЛИЈА ДЕКА НАВИСТИНА Е МРТВА. ЈА СПУШТИЈА НАТАЖЕНИ ВО КРИСТАЛЕН КОВЧЕГ И ПЛАЧЕЈЌИ, ЕДЕН ПО ЕДЕН, БДЕЕЈА ПОКРАЈ НЕА. ПО НЕКОЕ ВРЕМЕ ПОМИНА ОТТУКА ЕДЕН ПРИНЦ, КОЈ МАЃЕПСАН ОД РАСКОШНАТА УБАВИНА НА СНЕЖАНА,





ВЕДНАШ СЕ ВЉУБИ ВО НЕА. ПОБАРА ОД ЏУЏИЊАТА ДА ЈА ПРЕНЕСЕ ВО СВОЈОТ ДВОРЕЦ. НО, КОГА ГО ПОДИГНА САНДАКОТ, ТОЈ СЕ НАВЕДНА И ПАДНА; ТОГАШ ИСПАДНА И ПАРЧЕ ОД ОТРОВНОТО ЈАБОЛКО ОД УСТАТА НА СНЕЖАНА И ТАА СЕ РАЗБУДИ, А ПРИНЦОТ Ѝ РЕЧЕ:
- УБАВА МИЛА ДЕВОЈКО, ОД МОМЕНТОТ КОГА ПРВПАТ ТЕ ЗДОГЛЕДАВ, СЕ ЗАКОЛНАВ ДЕКА ЌЕ ЖИВЕАМ ЗА ТЕБЕ. АКО СЕ СОГЛАСУВАШ ДА СЕ ОМАЖИШ ЗА МЕНЕ ЌЕ МЕ НАПРАВИШ БЕСКРАЈНО СРЕЌЕН! НАСМЕВКАТА НА СНЕЖАНА БЕШЕ ДОВОЛЕН ОДГОВОР ЗА ПРИНЦОТ, КОЈ ВЕДНАШ ГО ЗАКАЖА ДЕНОТ НА ВЕНЧАВКАТА. ПОДМОЛНАТА КРАЛИЦА БЕШЕ ПОКАНЕТА НА СВАДБАТА, НО ШТОМ ДОЗНА ДЕКА НЕВЕСТАТА Е СНЕЖАНА, СЕ ФРЛИ ВО ОГЛЕДАЛОТО, ТАКА ШТО И ДВАЈЦАТА ЗАСЕКОГАШ ИСЧЕЗНАА ОД ЛИЦЕТО НА ЗЕМЈАТА.

Прашања:

1. Дали ви се допадна приказната?
2. Кој е главен лик во приказната?
3. Опиши како изгледа главниот лик.
4. Раскажи ја приказната на мама и тато.
5. Нацртај го твојот омилен дел од приказната.

Одделенски наставник:

Милева Богданова